ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0102/109
10.03 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 72 став 7 од Законот за вршење сметководствени работи (Службен Весник бр.173 од 01.08.2022 година), Вршителот на должноста го дава следниот Извештај за работење за временски период од 22.11.2022 година до 28.02.2023година

**Тримесечен Извештај за работењето на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија**

Вршителот на должност на Институтот за сметководители и овластени сметководители, во период од дванаесеттина денови, почнувајќи од 22 ноември 2022 година, а заклучно со 5 декември 2022 година, изврши примопредавање на документацијата на Институтот од претходниот Претседател која се однесува на финансиско, материјално и правно работење, како и завршните сметки на Институтот. Во процесот на примопредавање, беше преземена документацијата за работење на Институтот со извршен попис на целосната документација како и електронската архива. Институтот на 31.12.2023година ја заврши со две вработени лица кои беа дел од стручната служба.

Што се однесува до финансиската состојба на Институтот, во овој извештај таа не може да биде презентирана, бидејќи финансиската состојбата која беше предадена во тој момент се однесуваше за период заклучно до 31.12.2021 година, додека пак, состојба по основ на членарини којашто беше затекната при процесот на примопредавање не може да се презентира, бидејќи евиденцијата системски е направена заклучно со 21.12.2021 година, без да се направи пренос на финансиската состојба во новата 2022 година.

Состојбата на сметки со кои располага ИСОС на ден 24.11.2022 е следна:

- Прокредит Банка АД С-ка 380177109305138 - салдо на сметка 33.073.102,00денари
- НЛБ банка АД С-ка 210068297160269 - Салдо на сметка 2.166.018,00 денари

Вршителот на должност по извршеното примопредавање и спроведена контрола на финансиското работење, во месец јануари 2022 година, презеде активности и ангажираше ревизорска куќа којашто треба да изврши комплетна ревизија и корекција на завршната сметка за 2021 година, што всушност треба да претставува почетна состојба за 2022 година, а крајната цел секако е финансиската состојба да биде објективна и реална за тековната година, на којашто и се однесува. Ревизорскиот извештај ќе биде објавен на веб страната на Институтот.

Согласно извршеното примопредавање, ВД претседателот презеде дејствија со цел воспоставување на повторното активирање и непречено функционирање на Институтот.

Кога станува збор за презсмените активности, поголемо внимание и приоритет беше посветен на прегледување на пристигнатите апликации за Барања за уверенија за сметководители, овластени сметководители, Барања за упис во регистар на сметководители и овластени сметководители, како на и Барањата за издавање на лиценци за правни субјекти.

При примопредавањето беше затекната следната состојба:

- 757 Барања за Уверение за сметководител/овластен сметководител
- 45 Барања за упис во Регистарот на сметководители и овластени сметководители
- 94 Барања за лиценца за вршење сметководствени работи

Заклучно со 28.02.2023 година Институтот има примено, обработено и издадено

| од 22.11.2022 до 28.02.2023 | Поднесени барања | одобрени/издадени | неисполниле услов | во процедура |
|---|---|---|---|---|
| Уверение за сметководител | 232 | 203 | 18 | 11 |
| Уверение за овластен сметководител | 745 | 663 | 45 | 37 |
| Лиценци за ТП С | 4 | 2 | | 2 |
| Лиценци за ТП ОС | 33 | 18 | 7 | 8 |
| Лиценци за ДОО | 137 | 91 | 33 | 13 |
| | | | | |
| Барања за упис во регистар | 479 | 388 | 56 | 35 |

При процесот на проверка на Барањата, мора да се посочи дека Институтот констатира неусогласување на информациите доставени во Барањата со податоците од АВРСМ, како и неусогласеност на ажурираните податоци во системот од страна на членовите со податоците од АВРСМ. При проверката сите неусогласени апликации беа одбиени.

Состојбата во софтверот на ИСОС (евиденција на членарини, КПУ, уверенија, лиценци) согласно записникот за примопредавање е следна:

- Состојба со членарини којашто беше затекната е заклучно со 31.12.2021 г.
- За 2022 г. нема извршено ниту едно задолжение за членарина, ниту пак е евидентирана било каква уплата од членарини во системот
- Евиденција на реализирани КПУ часови по сметководител/овластен сметководител - нема внесено во софтверот

Во овој дел од активностите, ВД претседателот презеде иницијатива и направи евидентирање на уплатите по основ на членарини, па оттука состојбата, заклучно со 31.12.2022 г. е следна:

- За 2022 година, по основ на членарини и уписнини, наплатени се вкупно 10.525.430,00 денари.

-за 2023 година за период од 01.01 до 28.02 наплатени се 2.533.960,00 денари

*Соработка со институции*

Согласно законските обврски коишто произлегуваат од ЗВСР, а со цел побрза и поефикасна размена на податоци со останатите Институции, се презедоа неколку активности и тоа

- За период од 01.12.2022 г. до 14.02.2023 година се одржаа вкупно четири средби со претставници на Централниот регистар, кои резултираа со потпишување Меморандум за соработка и размена на податоци, а во насока на спроведување на законските обврски. Обврската што произлегува од потпишувањето на Меморандумот, се однесува подеднакво и на двете институции, па оттука Централниот Регистар на Република Северна Македонија во периодот од 15.04 до 01.05 2023 година, ќе треба да ги достави до ИСОС сите потребни податоци што се поврзани со поднесувањето на годишните сметки, а коишто, до ЦР, ги доставиле подносителите, со кој број на Уверение се поднесени, како и кои се компаниите за кои се поднесени сметководствените податоци.

- Во месец декември минатата година, беше одржана и средба со Директорот на Агенцијата за вработување на СРМ, како и со членовите на УО на Агенцијата, а како резултат од одржаната средба беше потпишан Меморандум за соработка и тековна размена на информации согласно обврски кои произлегуваат за АВРМ од донесениот ЗВСР. Крајниот резултат секако дека е комплетна евиденција и проверка на податоците при упис на членовите во соодветните регистри, што до сега се покажа како значајна и ефикасна размена на податоци. Ова се однесува на делот на проверка на податоци за работен однос, каде Институтот увиде доста неусогласувања при проверка на податоците, недоследностите беа земени во предвид при уписот во регистрите, односно истите кандидати коишто имаа неусогласености по проверка на податоците, не беа впишани во регистарот.

- На почеток на месец февруари се одржа и средба со Директорката на Управата за Јавни приходи која резултираше со подготовка на Меморандум за соработка, со цел размена на податоци помеѓу нашите две институции, а во насока на што поскора имплементација на законските обврски. Исто така Институтот даде мислење и предлози при подготовката на предлог измените на Законот за УЈП, а се однесуваа на делот на размена на податоци помеѓу двете институции и обврски кои произлегуваат од ЗВСР.

Согласно новите законски обврски, Институтот преку електронска платформа овозможи ажурирање на сите податоци на активните членови, со цел навремено и ефикасно дополнување на постоечките податоци, проверка и корекција на истите од страна на самите членови. Целта на овај проект е создавање реална база на податоци согласно новите законски измени, што се однесуваат на вработување, право на потпис на годишни сметки и даночни пријави, податоци за контакт, како и проверка на евиденција на одржани кпу часови. При проверка на податоците, беше увидено неусогласување на податоците кај одредени членови, за што Институтот побара дополнителна верификација на информациите со достава на документација од страна на самите членови, којашто ќе биде споредена со податоците ажурирани на платформата. Проверката и компаративата на доставената документација е се уште во процес и не е завршена.

Ажурираните податоци беа објавени во соодветните регистри, кои Министерството за финансии ги објави во месец јануари.

*Во делот на континуирано професионално усовршување*

Во делот на евиденција на КПУ часови, од сите консултантски куќи, беше побарано да достават евиденција до Институтот и тоа реализирана по години, за да може истата да биде внесена во системот. Овој процес трае подолго, поради усогласувањето на евиденцијата, како и корекциите коишто се прават на дневна основа поради одредени неусогласености и пермутации како во евиденцијата на консултантските куќи, така и во системот на Институтот.

Институтот на сметководители и овластени сметководители, на ден 23.12.2022 година, објави повик со бр.0302/1350-198, со кој ги повика сите правни лица кои даваат советување и едукација од областа на сметководството, финансиите, даноците, корпоративното право и работните односи, а кои се заинтересирани да добијат одобрение за спроведување обуки за континуирано професионално усовршување под надзор на Институтот, да го поднесат своето барање за добивање дозвола од Институтот, најдоцна до 30.12.2022 година, заедно со документите со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите предвидени во член 30 став 6 од Законот за вршење сметководствени работи (Сл.Весник бр.176 од 01.08.2022 година).

На повикот се јавија 26 (дваесет и шест) апликанти.

Апликациите ги разгледуваше Комисијата од член 73 став 1 од Законот за вршење сметководствени работи (Сл.Весник бр.173 од 01.08.2022 година) и ВД Претседателот.

По спроведената постапка и разгледување на доказите доставени во прилог кон барањата беше утврдено дека 9 правни лица во целост ги исполнуваат условите за издавање на одобрение за спроведување на обуки за континуирано професионално усовршување под надзор на Институтот. По периодот предвиден за поднесување барање, се утврди дека вкупно 15 правни лица, не ги исполнуваат законските услови, односно имаат формални недостатоци во барањето поради кои не им се издава одобрение за спроведување на обуки за континуирано професионално усовршување под надзор на Институтот и на истите им се даде право на период на приговор, период во којшто правните лица кои се одбиени можат, во рамки на рокот од правната поука, да ги дополнат или изменат формалните недостатоци кои постоеле при поднесување на првото барање.

*Учество на Институтот во активности поврзани со сметководствената професија*

Во меѓувреме, во месец јануари, Институтот зеде активно учество во подготвителните состаноци за скрининг процесот за Поглавје 6, (Закон за трговски друштва, во делот на закон за сметководство и имплементација на Меѓународните стандарди). Билатералниот скрининг состанок се одржа во Брисел на 27 јануари, годинава, па согласно препораките од Европската комисија и чекорите што ги презема Министерство за финансии, најдоцна до 31.12.2023 година, нашата Држава има обврска да ги имплементира Меѓународните сметководствени стандарди и да донесе нов Закон за сметководство согласно Директивите на Европската Унија.

Институтот зеде активно учество на двата состаноци на работната група за конструирање на новиот Закон за сметководство.

Институтот учество зема и на консултативните состаноци за Стратегијата за формализирање на неформалната економија 2023-2025 година.

Институтот согласно законските обврски и препораките на ЕК, објави повик за превод на Меѓународните стандарди. Во таа насока, во интензивна комуникација е и со Фондацијата на ИФРС во Лондон, со цел квалитетно, ефикасно и навремено преведување на истите. Како дел од овој проект, Институтот е во преговори и со неколку Меѓународни Институции за изготвување на апликација за донации за проектот којшто е од витално значење за нашата држава и претставува чекор плус кон приближување на европските прописи и законски стандарди а воедно и регулирање на сметководството како професија.

Скопје, 10.03.2023г

Весна Прентоска
ВД претседател